НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година II
број 19
29-30 Јули
2006 год.

Од работата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ

## Успешно реализирани програмските задачи

Управниот одбор на Фондот на ПИОМ на јунската седница го усвои Извештајот за работа во минатата година. Според изнесените податоци и согледувања, извештајната година се карактеризира со континуирана обемна и успешна активност. Особено, во пресрет на реформите, во Фондот беа преземени интензивни активности во насока на создавање на услови за спроведување на новите процеси за регистрација на податоците за обврзниците и осигурениците по електронски пат како основа за примена на новиот процес за наплата на придонесите, развој на информатичката технологија и обезбедувањето на бази на податоци за осигурениците и обврзниците. Поконкретно, со новата реформа, која започна да се применува од 1 јануари 2006 година, Фондот ја има основната и важна улога како главен оператор, во единствена постапка да ги собира, контролира и распределува придонесите и податоците за Првиот и Вториот столб од пензискиот систем.

Во функција на успешно и непречено извршување на овие задачи, Фондот во 2005 година изготви и достави до обврзниците бесплатен софтвер за електронско доставување на податоците на месечно ниво за пресметан придонес и плата по работник поединечно, преку кој обврзниците веќе вршат доставување на податоците по електронски пат со креиран формат на фајл на Образец МППП. Исто така, се извршува усогласување на податоците за обврзниците и осигурениците со доделување на Код за идентификација, што има улога на електронски потпис.

За одбележување е дека реформски пензиски процеси сè одвиваат успешно и дека веќе има и конкретни позитивни резултати, односно е зголемана ефикасноста во наплатата на средствата од придонесите, што е од голема важност за непречено извршување на задачите на Фондот.

Преземените мерки и активности за редовна и навремена наплата на придонесите, зголемувањето на приходите од Буџетот на Републиката, како и рационалното и наменско трошење на средствата во извршувањето на расходите на Фондот, придонесоа усогласеност на приходите и расходите на Фондот, при што се извршија сите обврски кон корисниците на правата, кои произлегуваат од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Треба да се истакне дека во 2005 година, во ниеден момент, не беше доведена во прашање финансиската ликвидност на Фондот, а со тоа и стабилната и навремена исплата на пензиите. Поточно, во 2005 година редовно беа реализирани сите месечни, неделни и дневни исплати на пензиските примања. Покрај ова, согласно важечките прописи, се изврши усогласување на пензиите во јануари и јули според процентот кој се добива како збир на движењето на трошоците на живот и висина на платите.**

Во извештајната година, остварени се добри резултати и во решавањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, а во делот на оценката на работната способност, се подобри и објективизира постапката за утврдување на инвалидноста. Воедно, треба да се спомене податокот дека бројот на поднесените и решените барања во последните неколку години почнува да се намалува, како резултат на заостувањето на условите за остварување право на пензија во согласност со измените во законската регулатива.

Како орган за врска, Фондот активно учествуваше на прелиминарните преговори за склучување нови билатерални договори за социјално осигурување со Република Чешка и Романија, на кои беше парафиран текстот на Договори за социјално осигурување. Исто така, се одржани и разговори со надлежните органи за врска со Република Србија и Црна Гора на кои беа разгледани проблемите и прашањата за примена на Договорот и беа усогласени мерки за нивно надминување.

**Во делот на стопанисување со имотот на Фондот и општествениот стандард на корисниците на пензија како и имотно-правното работење, Стручната служба на Фоднот посвети посебно внимание на управувањето и функционирањето на домовите за живеење и клубовите за дневен престој на корисниците на пензија и презеде повеќе активности за заштита на средствата и имотот на Фондот.**

Се очекува, со надминување на проблемите со судската достава и со примената на некои институти во парничната постапка, како и со присилната наплата, да се зголеми ефикасноста во работењето, односно подобра наплата на побарувањата на Фондот.

Усвојувајќи го Извештајот, Управниот одбор оцени дека и покрај остварената обемна и успешна работа и постигнатите значајни резултати во извршувањето на задачите, а особено задачите и обврските од имплементацијата на пензиската реформа, се констатирани и одредени слабости, кои се очекува да бидат надминати во наредниот период.

**А. Нелковска**

## Четвртата регионална пензионерска ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти успешно организирана и реализирана







Определбата на ИО на СЗПМ и Комисијата за културно-забавен живот после Првата ревија одржана во ноември 2003 година, дека ќе работи на поттикнување, организирање и реализирање на културно-уметничките самодејности во здруженијата на пензионерите, се оствари во целост во овој мандатен период.

Во втората половина на месец јуни, Организациониот одбор на ИО на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Комисијата за култрно-забавен живот многу успешно во три града ја организира и реализира Четвртата регионална пензионерска ревија.

Со тоа досега се одржани десет регионални ревии со учество на околу сто здруженија на пензионерите, со преку 2.000 директни учесници во програмата. Ревиите се одржани во 10 градови и ги гледале над 6.000 пензионери и граѓани.

Ако кон овие се додадат и податоците за трите републички ревии, од кои едната се одржа минатата година во Универзалната сала во Скопје, а другите две ќе се одржат во септември во Прилеп и во Струмица, може да се констатира дека во овој мандатен период на овие културни манифестации - ревии на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти вкупно учествувале 150 здруженија на пензионери, над 2.600 учесници во програмата и над 8.000 гледачи пензионери и други граѓани во 13 градови во Република Македонија.

Резултати достојни за почит, но и обврска за продолжувње на овие активности и во понатамошниот период.

Така една пожелна дејност и активност овие години доби широки размери и тоа во најголем број на здруженија на пензионерите. Во прилог на ова зборуваат и податоците дека на Првата ревија во 2003 година зедоа учество девет здруженија, а во наредниве години овој број се зголеми за четири пати. Со тоа се создадени можности за уште поголемо дружење, но и негување на македонскиот фолклор и тоа на изворноиот, кој е дел од нашиот идентитет.



**Душан Перески**
**претседател на Комисијата за културно-забавен живот при ИО на СЗПМ**



## Пензионерско дружење во Дебарца

Во непосрдна близина на Охридскиот аеродром, во манастирскиот комплекс Свети Петка кај селото Оровник што се наоѓа на седум километри од Охрид и Струга, за првпат на 22 јули се одржа собир на пензионерите од Дебарца. Во убав амбиент, со прекрасен поглед кон делот на Охридското Езеро, со дружење на повеќе пензионери и жители на Дебарца, чест на организаторот им направи присуството и на претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски, на градоначалникот на општина Дебарца Љупчо Којчиноски, на првите луѓе на пензионерските организации од Охрид, Струга, Прилеп, Дебар, Кичево и Ресен.

Во името на месниот огранок на пензионерите собирот со пригоден говор го отвори претседателот **Спасе Мартиновски**, а за значењето на базичното пензионерско организирање зборуваше претседателот на Здружението на пензионерите на Охрид и Дебарца **Ѓорѓи Трпчески**. При тоа тој ја истакна заложбата месните ограноци што повеќе да бидат носители на активноста, за што се организираше и овој собир, со што се создава и блиска соработка на пензионерите со месното население. Според него самата афирмација на месниот огранок ќе значи и можност за зголемена активност на пензионерската асоцијација.

Поздравувајќи го собирот во името на СЗПМ претседателот **Душко Шурбановски** напомна дека во пензионерската организација ширум нашата земја секој ден нешто се случува, се организираат средби, екскурзии, културно-забавни и спортски манифестации и слично, што покажува дека пулсот на пензионерското делување се чувствува и во летниот период. Во поголем број Здруженија на пензионери престојот и избори во ограноците, четиригодишни отчети на пензионерската организација и избор на раководства за новиот мандатен период. Посебно се настојува, нагласи Шурбановски, да се подобри стандардот на пензионерите и во тој дух да започне да се реализира Меморандумот за разбирање со Владата на РМ, бидејќи се очекува тоа да го почитува и новата власт.

За добрата организација на оваа несекојдневна средба во Дебарца, покрај огранокот на пензионерите се погрижија и месната заедница и црковниот одбор од село Оровник. Пригодна програма имаше и културно-уметничката секција од селото, со македонски песни и игри, а орото заеднички го заиграа старите и младите, како симболика на нивниот заеднички живот и поврзаност.

**Д. Арг.**

**ВО ПОСЕТА НА...** Здружението на пензионерите во Прилеп

# Со домаќинско работење до зголемени активности и успеси




Едно од најактивните невладини и пензионерски организации во нашата држава секако е Здружението на пензионерите од Прилеп. За тоа укажуваат повеќе извештаи, факти, податоци и признанија за континуираната, обемната и успешната активност на сите субјекти во Здружението, како што се Собранието, Извршниот одбор, Секцијата на жени пензионерки, постојаните комисии, Културно-уметничките друштва „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ и други помошни тела.

- Целта ни е да ги задоволиме интересите на членовите, нагласи **Пандо Бачаноски**, претседател на Собранието на Здружението на пензионерите од градот под Марковите Кули. Тоа се остварува со единствен и сеопфатен начин за заштита и унапредување на правата од пензионерското осигурување, координирање и унапредување на културните самодејности, спортските, рекреативните и хуманитарните потреби на пензионерите. Во врска со сето тоа Здружението од Прилеп остварува на високо ниво соработка со СЗПМ и со здруженијата од југозападнито регион, со исклучок на ЗП „Битола“, кое не покажува интерес за ова.

За ова здружение не постои летна ферија, бидејќи активности се организираат и во овој период. Во Прилеп деновиве импресивно делуваше манифестацијата „Пензионерите пеат“ со учество на пензионерските културно-уметнички друштва „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ од градот домаќин, „Сирма Војвода“ од Битола и пејачките групи од Гевгелија, Богданци и Кавадарци. Манифестацијата беше добро организирана и со чести аплаузи поздравена од публиката во полната сала на Центарот за култура „Марко Цепенков“. За нејзиното значење за регионот и пошироко говореа претседателот на Собранието на Здружението на пензионерите на Прилеп Пандо Бачаноски и претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски.




Во Здружението на пензионерите во Прилеп членуваат околу 11.600 пензионери и околу 400 членови на Фондот за заемна солидарност. Сите тие се организирани во 25 ограноци, од кои 19 во Прилеп и 6 во Долненска и Кривогаштанска општина. Се повеќе се дава нагласка на активноста на базата, во што посебно се истакнуваат неколку ограноци во Прилеп, Тополчани и Кривогаштани. Добро работат и три клубови на пензионери кои се опремени со телевизори, со шах табли и домино, а добиваат и дневен печат. Во соработка со локалните самоуправи од општините се настојува да се отворат уште четири клуба.

**Ристо Шиклески**, претседател на Комисијата за спорт, рекреација и култура опстојно ни зборуваше за постигнатите резултти и проблеми во овие дејности.

- Најомилено и најмасовно движење и дружење на пензионерите, вели Шиклески, се ескурзиите. Во минатата и оваа година посебно интересирање владееше за престој на локалитетот Пешна кај Македонски Брод, Смрдлива Вода кај Кожуф Планина, Дојранско Езеро, Лешок, Берово, Свети Наум и Плаошник кај Охрид, Хераклеа и Голема ливада под Пелистер, како и за посета на гробот на претседателот Борис Трајковски на Градските гробишта во Бутел - Скопје и меморијалниот музеј на АСНОМ во Пелинце кај Куманово.

- Носители на активноста на културен план се и Културно-уметничките друштва „Пензионер“ и „Пенка Котеска“, кои како претставници на здружението со успех учествуваа на регионалните фолклорни ревии, потоа на манифестацијата „Пензионерите пеат“ во Битола, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија и Богданци, на мариовско-мегленските средби, на средби во Ресен, Демир Хисар и други. Во КУД „Пенка Котеска“ има заложба од ангажирање нови членови и создавање нова програма со изворни македонски песни и ора. Воедно КУД „Пензионер“ имаше забележителен настап на Првата републичка пензионерска фолклорна ревија што се одржа минатата година во Универзалната сала во Скопје, а како што нагласи раководителот **Љупчо Димески**, лани достојно била одбележана и триесетгодишнината од постоењето на друштвото, со успешен настап во Домот на културата „Марко Цепенков“ во Прилеп во рамките на манифестацијата „Пензионерите пеат“.

Минатата година над 900 пензионери организирано присуствувале на театарска претстава во Народниот театар „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, за што и годинава владее голем интерес кај членството.



Во текот на септември ЗП Прилеп ќе биде домаќин на Меѓурегионална пензионерска ревија на песни, игра и музика, а минатиот месец беше успешен организатор на регионалните спортски натпревари.

Пензионерите од Прилеп со успех учествуваат на општински, регионални и републички спортски натпревари, но се чувствува потреба од побрјно учество на жени.

Вакви согледувања има и **Пандора Караџоска**, претседателка на Секцијата на жени пензионерки при Здружението на пензионерите во Прилеп. Се настојува во сите форми на активноста да бидат вклучени што поголем' број пензионерки. Во Клубот на пензионерите секој петок се одржува средба со активистки, се информираат за активностите, се одржуваат разни предавања од здравствен карактер, се организираат мини забави, литературни читања, како и хуманитарни акции со посета на Домот на стари и слично. Успешно беше организирана и 11 октомвриска чајанка со учество на пензионерки од повеќе градови во нашата земја.

Статутарно-правната комисија има изготвено посебен Правилник за давање на еднократна неповратна помош на болни членови на здружението, за што во минатата година беа одобрени 500.000 денари. Воедно Комисијата за бањско и климатско лекување обезбеди учество во трошоците на пензионерите во износ од околу 270.000 денари.

За одбележување е и податокот дека во сиве активности на здружението годишно учествуваат околу 5.000 членови и се настојува тој број постојано да се зголемува.

Секогаш агилниот и расположен за разговор Пандо Бачаноски, претседател на прилепските пензионери акцентира дека и на економски план Здружението на пензионерите во Прилеп е стабилизирано и располага со доволно средства за обезбедување и поттикнување на својата функција. Тој смета дека ако со сегашното темпо продолжат сите активности успехот и годинава нема да изостане.

**Драги Аргировски**

---

Разговор со Љупчо Делев, потпретседател на Здружение на пензионери во Гевгелија

# Забележителни културни активности



**о Еден од условите за секоја активност е материјалната основа. Какви акции презема Здружението за подобри финансиски услови за работа?**

- Пред се треба да се каже дека приходите постојано добро се остваруваат и бележат пораст од околу пет отсто во однос на последните три години.

Добро е и тоа што расходите, односно сите видови материјални трошоци секоја година во последниот период бележат намалување за околу 20 до 25 отсто, во односот на остварените приходи со што е создадена одлична материјална основа, добра ликвидност и финансиска кондиција за нашето здружение.

Ваквите резултати се остваруваат благодарение на заклучокот на Извршниот одбор, сите видови расходи да се намалуваат за 25 отсто, а приходите редовно да се наплатуваат.

Задршките од пензионерите за солидарниот фонд и членарината тековно добро се наплатува. Исто така редовно се наплатуваат приходите од деловните односи, кирии од деловни и станбени единици и друго.

Здружението на користење има ресторант и четириесетина станови како и вила во туристичката населба Смрдлива Вода на Кожуф Планина, каде има лековита вода и чист воздух.




Благодарение на заклучокот намалени се надоместоците на функционерите, на членовите на Извршниот одбор, комисиите, репрезентацијата, дневниците и сите други трошоци.

**о Како се остварува солидарниот фонд?**

- И тука немаме проблеми и досега не е забележана никаква реакција за висината на исплатената погребнина. Покрај ова секоја година по повод 8 март и Нова година по предлог на Управниот одбор на солидарниот фонд се доделува помош на пензионерите со нарушено здравје, осамени и со ниски пензии.

Ваква помош во последните три години имаат добиено над 200 пензионери во прехранбени артикли во вистина на по 600 денари.

**о На полето на културно-забавниот живот Здружението има забележителни постигнувања. Последните години планот за културно-просветниот живот се остварува целосно. Какви се вашите оценки?**

- Здружението на пензионерите на локално, регионално и републичко ниво постигнува добри резултати. Ова се потврдува со фактот што културно уметничките претстави во последните години ги следеле над 1.500 пензионери на преку 50 средби во земјата и странство, а под мотото „Пензионерите пеат“.

Здружението на пензионерите на општината Гевгелија има традиционално дружење на полето на културно забавниот живот со својата пејачка група „Сава Михајлов“ на локално ниво: дочек на Нова година, Осми март - Денот на жените, 20 септември - Денот на пензионерите, како и учество на револуционерниот и верски празник „Ѓура Мара“ во гевгелиското село Миравци. Исто така Здружението на пензионерите со својата пејачка група и оркестарот има заемно дружење со здруженијата на пензионерите од Кавадарци, Прилеп, Богданци, Валандово и „Сирма војвода“ од Битола. Во последните години реализирани се преку 54 културно-уметнички претстави на локално, регионално и републичко ниво од кои 2004 година 14, во 2005 - 18 и оваа година ќе бидат реализирани 12, а тоа значи дека во секој месец е организирана по една манифестација.

За ваквата активност голема заслуга има Здружението на пензионерите заедно со неговите органи на полето на културно забавниот живот. Но не би било правично за успешните резултати на ова поле ако не констатираме дека за овие резултати имаат посебна заслуга Активот на жените под раководство на пензионерката Ванга Лисичкова, како и останатите жени пензионерки на овој актив.

Мораме да ја пофалиме и активноста на музичкиот уметник Ристо Стамков, оркестарот и пејачката група.

Сите културно уметнички претстави се успешно релаизирани со големо учество и на новите пензионирани членови во нашето Здружение, а тој интерес за вклучување на нови пензионери-активисти постојано бележи подем.

**Томе Кусеников**

БЕЛЕШКА ОД ОХРИД

# Добри услови за пензионерски живот


Ѓорѓи Трпчески

За секој посетител Охрид плени со својата убавина, особено во екот на туристичката сезона. Тука, живеат и активно делуваат околу 9.670 пензионери. Оваа македонска туристичка мека, поради климатските услови и природните убавини, е сè попривлечна за повеќе пензионери, кои спокојно ги минуваат пензионерските години, користејќи ја климата и погодностите што ги подарила природата на ова поднебје.

- Можеби токму поради тоа процентот на пензионерите во општината Охрид е поголем од нивото на Републиката, констатира **Ѓорѓи Трпчески**, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на општините Охрид и Дебарца. Според него, педесетгодишната историја на оваа здружение, мошне значаен е моментот кога во далечната 1972 година бил предаден во употреба Домот на пензионерите, во чиј Клуб катадневно голем број пензионери го минуваат слободното време, отргнувајќи се од самотијата, играјќи шах, домино, карти и слично. Тука се организраат разни средби за пензионерите за дружење и веселба.

Во Здружението на пензионерите се настојува што повеќе да се развие активноста на базата, на месните органоци, а Извршниот одбор и Комисиите активно се вклучуваат и во решавање на сите прашања од интерес на пензионерите, посебно во навремено и законито остварување на нивните права од пензиско и инвалидско осигурување.

- Севкупната работа на здружението е за поздравување, вели **Васко Калески** пензионер од село Мешеишта, член на Собранието на СЗПМ и на Статутарно-правната комисија. Посебно се води сметка, како за заедничките, така и за посебните интереси на пензионерите за остварување на социјалните, станбените, културните, спортските и други потреби и права.

Собранието на Здружението на пензионерите во последно време се повеќе станува место каде се разгледуваат сите релевантни прашања од животот и работа на пензионерите. Со својата мобилност и ефикасност овој врвен орган на пензионерите во општината Охрид и Дебарца, успешно се носи со се поголем број актуелни проблеми од пензионерското живеење.



Овде успешно работи и Активот на жени-пензионерки. Претседателката **Вера Попоска** е децидна:

- Покрај хумани активности, учество во разни доброволни цели, едукации, посета на болни и стари лица, Активот на жените-пензионерки се грижи и за афирмација на културно-историското минато на Охрид, бидејќи од тука поникнале словенската писменост и култура. Во тие рамки е и културната ризница на песни со староградски мелос, со кои новоформираната пеачка група настапи на минатогодишната регионална ревија во Неготино, како и годинава во Гостивар. Настојуваме за што помасовно дружење на пензионерите на културен план, читање на поезија и слично.

-Нашето здружение е меѓу најактивните во нашата земја на полето на спортските активности, а првите спортски републички пензионерски натпревари се одржани во Охрид во 1996 година, потенцира Ѓорѓи Трпчески. Во изминатите десет републички спортски средби, пензионерите од Охрид златни медали освојувале во стрелаштво, пикадо, брзо одење, трчање и скок од место. По успесите на регионалните спортски натпревари во Кичево, се вршат подготовки за учество на 11-та Републичка пензионерска спортска средба во Крани - Ресен.

Претседателот Трпчески ни зборуваше и за развиената меѓуопштинска, регионална и меѓудржавна соработка, за размена на искуства во работата на пензионерската асоцијација. На меѓународен план воспоставена е соработка со пензионерската организација од Подградец-Република Албанија, а се обновуваат контакти со пензионерите од Сплит во Хрватска, како и со Италијанската федерација на пензионерите.

Значи претстојат нови активности и постигања.

**Д. Аргировски**



Почитувани читатели, честитајќи Ви ги Илинденските празници ве известуваме дека наредниот 20-ти број на „Пензионерски видици“ ќе биде објавен на 1-ви септември (петок) 2006 година.

Од Редакцијата

Штип

# Разни активности на Активот на жени-пензионерки



Во градот под Исарот живеат поголем број пензионерки. Дел од нив се мошне активни како членки на Активот на жени пензионерки при Здружението на пензионерите во Штип. Од ден на ден бројот на активистките и на активностите се зголемува. Само во текот на минатиот месец штипските пензионерки со успех настапија на Регионалната пензионерска ревија на песна, игра и музика во Свети Николе, како и на регионалните спортски игри во Струмица.

Ние секоја година свечено го одбележуваме 8 март - Денот на жените со соодветни културни манифестации, со посета на болни пензионери и стари лица, со хуманитарни акции - вели претседателката на Активот **Александра Пуриќ**.

Во Домот на здружението на пензионерите членовите на Активот секоја среда одржуваат состанок, на кој се читаат литературни творби и се поттикнуваат пензионерките да творат, а често се презентираат плетени или везени ракотворби. На состаноците се договараат разни екскурзии и посети на значајни природни, историски и културни знаменитости во нашата држава.

Како што истакна претседателката Пуриќ до крајот на годинава, во чест на 60-годишнината од формирањето на пензионерската организација на Македонија Активот планира неколку пригодни манифестации, така што градот Штип во септември ќе биде и домаќин на традиционалните средби на пензионерки од повеќе градови во нашата земја. Женската екипа во шах и пикадо ќе учествува на XI Републички спортски пензионерки натпревари во Крани, а мешовитата пејачка група на Меѓурегионалната ревија на песна, игра и музика во Струмица.

**Т. Босеовски**

Објавуваме и две песни на пензионерки од Штип посветени на хорското дружење.

## За дружбата наша

Хористи, китна тајфа
гнездо свила весела дружина
златно грло глас лее
хорска песна пензионер пее.
За дружбата наша пријатели
староградска песна нек се ори
за душата по љубов што гори
ти гитаро свири, збори.
Нека ни се множат годините
нека ги бележат песните
за Рајна, Ленка, Маре Нацева
со љубов од срце испеани
ко аманет на потомците оставени.
За младоста наша пријатели
и чашава нека пее
нека тече збор ко вино
душа страдна нека грее.
Еј, другари, пријатели стари
сплетете венец староградски песни
за дружбата наша се до зори
ти гитаро свири, збори.

**Цвета Спасикова**




## Хорот „П Е Н З И О Н Е Р“

Требаше ли да помине толку време,
та песната да го разбие пензионерското
 бреме,
да се создаде хорот „Пензионер“
од гласови машки силни и гласови женски
милни.

Минеш ли кај Пензионерскиот дом
застани и почуј, весела песна се лее,
вторник и четврток хорот
серенади и староградски песни пее.

Оркестарот во хорот главно место има
Тоше ене, басот го штима
гитарата на Игно звучни акорди дава,
мандолината на Перо и Ристе нежни тонови
создава.

Диригентот Столе Поп-Димитров
со хармониката ко да зборува,
интонација правилна строга дава
да мелодијата на песната секогаш
биде исправна права.

Хористите облечени во кошули бели,
распеани со гласови смели.
Хористките на реверот со црвена ружа
знак за добро пријателство и весела дружба.

Затоа, драги колеги мои,
распеано да ни се нижат дните
и дај ни господе среќа и здравје,
да бидеме здрави и живи сите.

**Марија Јанинкова Станчева**

## АФОРИЗМИ

Провери дали си добар човек, помогни му на оној кој не може да ти возврати.

**Д. Радовиќ**

Лесно е да си добар, тешко е да си праведен.

**Хуго**

Среќен е оној кој е ведар, немора да е млад, ни убав, ни богат.

**Шопенхауер**

Ако сакаш да бидеш среќен еден ден- напиј се.

Ако сакаш да бидеш среќен една година - ожени се.

Ако сакаш да бидеш среќен цел живот - одгледувај цвеќе.

**Индиска мудрост**

Кога ќе се приближиме до деведесетата роденденските прослави личат на генерална проба на сахраната

**Стравински**

За староста нема поубава утеха од сознанието дека младоста е вградена во дела што не стареат.

**Јогини**

Времето е добар лекар, но лош козметичар.

**Саган**

Рака што дава е секогаш над раката што зема.

**Анонимен**

Без почитување нема вистинско пријателство.

**Кант**

Досадата прави пустош во душата.

**Шолохов**

Најдобар лек за човекот е радоста.

**Питагора**

Археологот е најдобар за сопруг. Што му е постара жената, тој повеќа се интересира за неа.

**Агата Кристи.**

**Избор: К.С.А.**

Од регионалните пензионерски спортски натпревари

# Изедначена конкуренција

Како што беше објавено во минатиот број на „Пензионерски видици“ во нашата земја се одржаа регионалните пензионерски



спортски натпревари во осум региони со учество на 40 Здруженија на пензионери, а победниците како во екипна, така и во поединечна конкуренција се здобија со право на учество на XI-Републички спортски игри што на 9 септември ќе се одржат во Крани на Преспа.

На регионалните натпревари не учествуваа единствено спортисти од здруженијата на пензионерите од Битола, Лабуништа и Злетово. Учествуваа 1.570 пензионери од кои 1.115 беа натпреварувачи. Од нив за учество на престојните републички спортски натпревари се изборија 351 пензионер од кои 192 во машка и 159 во женска конкуренција.

Натпреварите се одржуваат во девет дисциплини: стрелаштво, пикадо, шах, тегнење јаже, трчање, фрлање ѓуле, скок од место, домино и табла.

Во **стрелаштво** во машка конкуренција како победници од регионите на XI-ти Републички пензионерски спортски натпревари ќе учествуваат екипите на Центар - Скопје, Тетово, Прилеп, Охрид, Кавадарци, Куманово, Штип и Кочани, а во женска конкуренција: Центар - Скопје, МВР, Ресен, Охрид, Кавадарци, Пробиштип, Радовиш и Кочани.



Во **пикадо** во машка конкуренција:Чаир и Карпош од Скопје, Ресен, Охрид, Кавадарци, Кратово, Струмица и Македонска Каменица, а кај жени: Центар и Карпош од Скопје, Прилеп, Охрид, Неготино, Крива Паланка, Свети Николе и Делчево.

Во **шах** - мажи: Гази Баба - Скопје, МВР, Ресен, Охрид, Кавадарци, Куманово, Штип и Кочани, а во женска конкуренција: Гази Баба и Карпош од Скопје, Велес, Куманово, Штип и Кочани.



Интересна борба ќе се води и во **тегнење јаже**, а најдобри кај мажи беа: Гази Баба - Скопје, Тетово, Прилеп, Охрид, Кавадарци, Пробиштип, Струмица и Кочани, а кај жени: екипите на Гази Баба, Гостивар, Кичево, Кавадарци, Куманово, Струмица и Делчево.

Во поединечна конкуренција победници по региони се: **трчање мажи:** Петар Андоновски од Кисела Вода; Димитар Христов - Тетово; Миле Трпковски - Прилеп; Наум Пуфтоски - Охрид; Илија Јакимов - Велес; Благој Станојков - Куманово; Ѓорѓи Јованов - Радовиш; Драган Јовановски - Македонска Каменица.



**Жени:** Славица Тримпаревска - Гази Баба; Роза Томовска - Тетово; Благица Маркулеска - Охрид; Марица Ристова - Неготино; Ленче Митевска - Кратово; Павлина Камчева - Струмица; Драгица Михова - Кочани.

Во **фрлање ѓуле мажи**: Пухо Костов - Кисела Вода; Митко Богатиновски - Тетово; Илчо Ристевски - Ресен; Ѓорѓи Јанковски - Охрид; Илија Настев - Велес; Вранко Почича - Куманово; Димче Ѓоѓев - Штип; Методи Воинов, Виница.

**Жени:** Марија Стефановска - Кисела Вода; Јабланка Веселиновска - Тетово; Кира Гулеска - Охрид; Маре Сиркова - Велес; Елена Апостоловска - Куманово; Даница Ефтимова - Радовиш; Велика Илиевска - Македонска Каменица.

**Скок од место мажи**: Иван Цветановски - Кисела Вода; Павле Мисајловски - Тетово; Бошко Кондовски - Ресен; Костадин Стевоски - Охрид; Никола Данев - Неготино; Томислав Паневски - Куманово; Мишо Лазаревски - Струмица; Стојан Димитровски - Делчево.

**Домино мажи**: Стојан Станковски - Гази Баба; Саби Бајрами - Тетово; Порчи Никола - Крушево; Филип Филипоски - Охрид; Ефтим Колев, Гевгелија; Груица Манасиев - Пробиштип; Димитар Стаменков - Ново Село; Боривое Маневски - Берово.

**Жени:** Мирјана Смилевска - Гази Баба; Оглица Поповска - Гостивар; Слободанка Еленчевска - Ресен; Наумка Пенезиќ - Охрид; Марина Тефова - Неготино; Ратка Спасовска - Пробиштип; Горица Станчева - Радовиш; Ангелина Цурева - Делчево.



Во организација на СЗПМ 11-ти републички пензионерски натпревари ќе се одржат на 9 септември во автокампот „Крани“ на брегот на Преспанското Езеро. Домаќин ќе биде Здружението на пензионерите од Ресен и според претседателот Борче Крстевски подготовките за оваа значјна пензионерска манифестација ќе бидат благовремено и квалитетно извршени. Воедно пензионерите спортисти тренираат и во летниот период за постигнување што подобри резултати.

**Табла мажи:** Ванѓел Слатников - Кисела Вода; Гога Анѓеловски - МВР; Павле Шлаков - Ресен; Бајрам Топалоски - Кичево; Борис Иванов - Неготино; Миодраг Крстевски - Куманово; Трајче Шарошев - Радовиш; Димитар Лазаревски - Пехчево.

**Жени:** Ленка Демникова - Центар; Роса Ѓурчиновска - Тетово; Тодорка Савев - Валандово; Ленка Здравковска - Пробиштип; Марија Јанинкова - Штип и Блашка Атова - Кочани.

**Комисија за спорт при ИО на СЗПМ**
**Потпретседател**
**Спиро Николовски**
**Фото: Томе Манов**





Ликови на наши пензионери

## Пекарот Столе-активен пензионер



Во пекарницата „Столе“ во скопската населба Козле и во пензионерскиот огранок на Здружението на пензионерите од општина Карпош често може да се забележи познатиот пекар Стојне Николовски, кој веќе три години е пензионер. Долго години тој е омилен граѓанин во населбата, а пекарскиот занает почнал да го изучува како 16-годишно момче во родната Крива Паланка. Навлегувајќи во сите тајни на овој занает веќе неколку години со љубов работи на обука на млади кадри што ја продолжуваат пекарската традиција на овие простори.

Николовски е претседател на Здружението на пекарите на Македонија и со своето богато искуство дава очекуван придонес за развој на пекарството во нашата земја. Соработува со слични асоцијации во Србија и Бугарија, бидејќи како што вели размената на искуствата е драгоцена.

- Цел работен век сум го минал како пекар, а и сега во пензионерските денови времето го минувам корисно советувајќи го семејството за пекарскиот бизнис, но задоволство ми е и активноста во пензионерската организација - ни напомна нашиот соговорник.

Николовски укажува дека е многу битно пензионерите да се организирани, да се дружат и соработуваат, да учествуваат на спортски и културни манифестации, како и во хуманитарни акции. Со ваквата активност се избегнува монотоноста, се обновуваат старите и се создаваат нови пријателства.

Во рамките на своите можности тој спонзорираше со свои пецива неколку активности на Здружението на пензионерите од Карпош, а на учесниците на регионалните спортски пензионерски игри им подари 30 спортски маици.

Оваа динамика во работата и активноста на пензионерот Стојне Николовски му овозможува интересен живот и во третото доба.

**Д. Арг.**

## ФОТО ВЕСТ

Во една од најголемите и најубавите општини во нашата држава - во општината Аеродром во Скопје пензионерите покажуваат се позабележителни активности, особено во зачувувањето и ширењето на зелените површини и на подобрување на чистата човекова околина. Меѓу другото, пензионерите од населбата Јане Сандански покрај кејот на реката Вардар самоиницијативно уредија мини пензионерски парк во кое го минуваат своето време. Поздравувајќи ја оваа активност Општината наскоро ќе изгради и чешма.

Воедно градот Скопје за најубаво уреден двор на објект за колективно домување го прогласи и награди дворот на станарите на улицата „Владимир Комаров“, што го одржува и уредува пензионерот Боро Цветановски.



Тој секојдневно се грижи за зеленилото, цвеќињата, дрвјата и за другите растенија што ја красат оваа убава градина.

Тоа се пензионерски примери на иницијативи и инвентивности за поздравување.

**Весник „Аеродром“**